Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за спречување на корупцијата
Komisioni Shtetëror për Parandalim të Korrupsionit
Скопје Shkup
Примено: 12 -02- 2024
Орг.Единица Nj.Organizative: 03 | Број Numri: 687/1 | Прилог Shtojcé | Вредност Viera

[redacted]

| | |
|---|---|
| **From:** | [redacted] |
| **Sent:** | Monday, February 12, 2024 1:41 PM |
| **To:** | b.abazi@dksk.org.mk |
| **Subject:** | Барање на слободен пристап до информации од јавен карактер |

Почитувани Ви се обраќам врз основа на член 4 и член 12 од Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер од имател - Државна комисија за спречување на корупција ја барам следната информација од јавен карактер:

Дали во временскиот период од кога се распишани изборите како и во времетраењето на изборите можат да се носат одлуки со кои се одобруваат и исплаќаат средства по основ на парична помош, боледувања подолги од шест месеци и отпремнини согласно членовите 16,17,18 и 19 од Законот за извршување на Буџетот на РСМ за 2024 година ( Сл.весник на РСМ ) бр.283/23

Информацијата од јавен карактер барам да ми се достави на овој е-маил во електронска форма.

Со почит,

Подносител на барање

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

**ДКСК** | **KSHPK**

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 03-687/2
26-02-2024 г./v.

До
[redacted]

**Предмет : Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер**

Почитувана,

Во врска со Вашето барање, повикувајќи се на одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, доставено до Државната комисија за спречување на корупцијата заведен под наш архивски бр. 03-687/1 од 12.02.2024 година, кое се однесува на прашање поврзано со начинот на постапување на органите на државната и на локалната власт и другите државни органи во изборниот период, не впуштајќи се во содржината на барањето, Ве известуваме за следново:

Согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност да дава мислење или согласност по доставените барања за мислење односно постапување на органите на државната и на локалната власт и други државни органи основани согласно со Уставот и со закон, фондовите, агенциите, дирекциите, јавните претпријатија, регулаторните тела, трговските друштва основани од државата и другите институции основани од државата во текот на изборниот процес.

Укажуваме дека од денот на распишувањето на Избор за претседател на Република Северна Македонија и Избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија до завршувањето на изборите, потребно е да се почитуваат забраните утврдени во член 8-а и 8-б од Изборниот законик и член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и истите се одговорност на одговорните лица на субјектите.

Во случај на констатирани прекршувања и злоупотреби Државната комисија за спречување на корупцијата ќе преземе соодветни активности и мерки согласно со закон.

Со почит,

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Татјана Димитровска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Бурим Абази

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk